**ДО**
**Министерство за локална самоуправа**
**на Република Северна Македонија**
**-државен инспекторат за локална самоуправа**
**СКОПЈЕ**

Предмет: **Достава на прописи,**

Врз основа на член 71 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), Ви го доставуваме службениот гласник на Општина Крушево каде се објавени актите што ги има донесено Советот на Општина Крушево на својата 67-ма седница.

Со почит,

КРУШЕВО
Бр.03-138/11
13.10.2025 година.

**Општина Крушево**
**Секретар,**
**Мина Миленкоска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-ОПШТИНА КРУШЕВО
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT-KOMUNA E KRUSHEVËS
1

# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

13.10.2025 год. Бр.XII


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 67-та седница на Советот на Општина Крушево**
**одржана на ден 10.10.2025 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 67-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 10.10.2025 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-1083/1 од 13.10.2025 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 67-та седница, одржана на 10.10.2025 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 66-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 04.09.2025 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024).
**Бр.08-1068/3 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и „Сл.весник на Р.С.М.” бр.104/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22; 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007; 16/14; 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.10.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на работното време во ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево**

**Член 1**
Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево.

**Член 2**
Почетокот на работното време се утврдува во 6,00 часот, а завршетокот во 16,30 часот.

Работното време на вработените во Детската градинка изнесува 40 часа неделно.

Работното време заради природата на работата за воспитувачот и негувателот се распределува на работно време поминато со деца и останатото работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности, во рамките на полното работно време за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негувателот 35 часа во неделата.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1068/4 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 89а став 1 алинеја 2 од Законот за средното образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 ; 64/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.229/20, 78/25 и 132/25), член 22 став 1 точка 8 и 13; член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 18 став 1 точка 8 и 13 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19, 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.10.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Годишната Програма за работа на**
**СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево за учебната 2025/2026 година**

1. СЕ ПРИФАЌА Годишната Програма за работа на СОУ "Наум Наумовски-Борчс" Крушево, за учебната 2025/2026 година, бр. 01-474/1 од 09.09.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1068/5 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18 и 198/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 104/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22; 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019, 7/2020 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.10.2025 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Годишната-Програма за работата на**
**ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2025-2026 година.**

1. СЕ ПРИФАЌА Годишната-Програма за работа на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2025-2026 година, бр.01-103/1 од 16.09.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1068/6 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.104/19; 146/19; 275/19; 311/20; 294/21; 150/22; 236/22; 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 4 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 33 и 50 од

Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19; 7/20 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.10.2025 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за работа во групи**
**со поголем број на деца, односно со помал број на деца**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, да организира работа во групи со поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени во член 64 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата;

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево;

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1068/7 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ " бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), член 34 и 123 став 4 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.215/21 и 124/25) и член 18 став 1 точка 10 и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/2019, 7/2020 и 6/25), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.10.2025 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крушево во областа на**
**заштитата и спасувањето за 2026 година**

1.Вовед

Со оваа Програма се остваруваат задничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крушево овие активности ќе ги остварува преку:

-општинскиот штаб за заштита и спасување;
-универзалната единица за заштита и спасување;
-ТППЕ-Крушево;
- ЈП „Липа" Крушево;
-Дирекцијата за заштита и спасување Крушево и
-Центарот за управување со кризи Крушево.

2.Цели

Основни цели напрограмата за активностите на Општина Крушево во областа на заштита и спасување и противпожарна заштита се:

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, поплави, пожари на отворен простор и во населените места.
-заштита и спасување на луѓето и животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи.
-создавање и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра.
-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови на непогоди.
-обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување и противпожарна заштита.

3. Активности

За реализација и остварување на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасување како и заштитата и спасување во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи. Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки релизирани, а ќе се остваруваат преку:

-Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Крушево, а во согласност со Законот за пожарникарство, а по потреба ќе покрива и на подрачјето на соседните општини Кривогаштани и Долнени.

-Штабот за заштита и спасување.

-Универзалната единица за заштита и спасување.

-Комисиите за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крушево.

-Заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

4. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе бидат реализирани од:

-средства од Буџетот на Република Северна Македонија;

-средства од Буџетот на Општина Крушево;

-наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;

-приходи од споствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица на други општини.

Распоредување на финансиски средства

| **ре.бр.** | **намена** | **износ во денари** |
|---|---|---|
| 1. | Горива и масла | 30.000,00 |
| 2. | Надомест за дневници | 40,000,00 |
| 3. | Набавка на заштитна опрема | 20.000,00 |
| 4. | Посетување на обуки | 20.000,00 |
| 5. | Други активности | 10.000,00 |
| | Вкупно | 120.000,00 |

5. За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Крушево во соработка со општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и други надлежни органи и тела, кои ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација.

6. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1068/8 од 10.10.2025 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 67-та седница на Советот на Општина Крушево ........ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 66-та седница на Советот на Општина Крушево .......... 1
3. Одлука за утврдување на работно време во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево ............................ 1
4. Предлог-Заклучок за прифаќање на Годишната Програма за работа на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево за учебната 2025/2026 година ........................................................................ 2
5. Предлог-Заклучок за прифаќање на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево за учебната 2025-2026 година .............. 2
6. Предлог-Согласност на ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево за работа во групи со поголем број на деца, односно со помал број на деца ................... 3
7. Програма за активности на Општина Крушево во областа на заштитата и спасување за 2026 година ................................................................ 3

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.